СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од второ продолжение на Седмата седница на Собранието на СРМ, одржана на 1 март 1991 година

Скопје, март 1991 година

7-ма СЕДНИЦА 1. III. 1991 (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

ОД 4-та ТОЧКА


| ДИСКУТАНТИ: | СТР: |
|---|---|
| 1. СТОЈАН АНДОВ | 1 |
| 2. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | 1,30 |
| 3. ПАНЧЕ МИНОВ | 5 |
| 4. ТОМЕ СТЕФАНОВСКИ | 7 |
| 5. ДУШКО ЃОРЧЕВСКИ | 8 |
| 6. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | 15 |
| 7. ДУШКО НИКОЛОВСКИ | 17,60 |
| 8. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | 17 |
| 9. ЉУПИО ПОПОВСКИ | 19 |
| 10. АСЛАН СЕЛМАНИ | 21 |
| 11. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | 23,29 |
| 12. ШАБАН ПРЕВАЛА | 27 |
| 13. СТРАШО МИЛКОВСКИ | 30 |
| 14. ТИМЕ АНДОНОВ | 32 |
| 15. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | 34,65 |
| 16. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | 37 |
| 17. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | 38 |
| 18. ЈОРДАН БОШКОВ | 40 |
| 19. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | 41 |
| 20. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | 42 |
| 21. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | 44 |
| 22. АЦО СПИРОВСКИ | 47 |
| 23. ДРАГИ ШУКЛЕВ | 50 |
| 24. ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ | 51 |
| 25. АНДРЕЈ ТОКАРЕВ | 57 |
| 26. БЛАГОЈ ТОШЕВ | 59,61 |
| 27. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | 65 |
| 28. СВЕТОЗАР ВАСИЛЕВСКИ | 66 |
| 29. ФАИК АБДИ | 67 |

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од продолжението на Седмата седница на Собранието на СРМ, одржана на 1 март 1991 година

Седницата се одржа во Собранието на СРМ, сала 1, со почеток во 12,00 часот.
Со седницата раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:
Да продолжиме со работа по точките од дневниот ред од седмата седница на Собранието.
Пратениците Гоце Андоновски, Тодор Димов, Бранко Блажевски и Димитар Димитровски не известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.
Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.
Продолжуваме со претрес по четвртата точка од дневниот ред
Молам, кој бара збор?
Има збор господинот Божо Рајчески.

БОЖО РАЈЧЕСКИ:
Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Извршниот совет и гости.

Моите согледувања во однос на оваа проблематика се следните:
Прво, под итно да формираме Влада. Зошто потенцирам да формираме влада? За да можеме да си гиземеме работите во свои раце и одговорноста да ја преземеме на себе. Долго време на другарите од Извршниот совет им префрлуваме за некои работи, за кои немаме сознание што биле и како биле. Кога имаме на дневен ред пратенички прашања по три, четири саати луѓето ги оптоваруваме со прашања, а од друга страна ги напаѓаме. Оваа Влада, нова Влада би требало веднаш да почне да работи на подготвување на економска програма за 1991 година. Таа ќе има квалитетни појдовни основи за изготвување на оваа програма бидејќи материјалот од Извршниот совет за состојбите и проблемите во репродукцијата на СРМ во почетокот на 1991 година е доста добар, содржаен и опстоен.

Ни дава права слика за нашето денес, а исто така и смерници за изготвување на програмата за економска политика за подобро утре. Во корелација со него се и предложените мерки на Собранието на Стопанската комора на Македонија за надминување на неповолните состојби. Со предложените мерки се детализираат смерниците што ни ги даде Извршниот совет. Се подразбира дека и ние со нашите дискусии придонесуваме за подобрување на Програмата. Морам да кажам дека се согласувам со предлогот на колегата Владо Голубовски за идниот претседател на нашата Влада, заради континуитет и квалитет во извршувањето на работата кооптира во идната влада и министри од сегашниот Извршен совет.

Второ, веднаш, а некои претпријатија веќе и почнаа да вршат преструктуирање на стопанските субјекти. Ќе го изнесам

со Железара со некои податоци. Нели почнат стопанските субјекти да вршат преструктуирање многу полошо не чека утре. Сите знаеме дека цената на металургијата е во доста тешка состојба, па дури и критична. Вработените во Железара, а и другите стопанственици во Републиката не сме обесхрабрени. Свртени сме кон себе, веруваме во себе решени во новите услови на пазарно стопанисување да најдеме излез од сегашната состојба. Многу е лесно да кажеме не може и нема излез. Мора да бараме излез. Имаме стручна, имаме стручна работна снага, технологија начини и треба да одиме напред. Во тој дух направивме програма за преструктуирање на Железарницата.

Делот на програмата кој го третира внатрешниот субјект во голема мерка се поклопува со точката 1 од мерките што ги предложи Стопанската комора на Македонија. Реализацијата ја вршиме секојдневно. Со преструктуирањето на Железара ќе се трансформираме во претпријатие кое ќе поседува солидна економска моќ, способна да опстане почитувајќи ги сите барања на пазарното стопанство. Конкурентно со квалитет и цени на своите производи, профитабилно и развојно ориентирано. Јас ќе набројам некои смерници што ги одредивме и кои мораме да ги спроведеме за да утре можеме да живееме и да опстанеме.

Прво, укинавме производство на нерентабилни производи (железна руда, сурово железо и челик).

Во тој дел каде што го укинавме производството извршивме преориентација на одредени простројки за производство на доходовни производи. Се мисли на феролегури за кои се докажа дека се добри

и производи кои идат на берза. Сега почнавме со проба на комесорски челик од старо железо, така да на некој начин активираме делови во топилницата и во челичарницата.

Трето, извршивме реорганизација на претпријатието во друштво ограничена одговорност за ра се приближиме на пазарното стопанисување.

Четврто, создадовме процес за создавање со домашни или странски вложувачи.

Резултатите од нашето ангажирање во преструктуирањето
може да се анулираат ако не не пратат во одреден период и оства-рувањата на предложените мерки кои зависат од општествено-политичкиот субјект, а треба да се опфатат во економската програма што ќе ја подготвува Владата. Пред се мислам на социјалната програма за технолошкиот вишок што ќе остане по преструктуирањето. Мора да се размислува и за растоварување на стопанството.

Петто, преструктуирање на стопанските субјекти.

Паралелно со ова преструктуирање на стопанството треба да следи и рационализација на надградбата без да го доведе во прашање извршувањето на своите функции. Целата надградба што ја имаме во стопанството, вишок на работна рака и треба да се изврши рационализација и на вишокот на работна рака а и во самото финансирање на надградбата преку даночниот систем.
Ова го предлагам од причини што скоро немаме никаков однос
према општественото.
Според законска процедура веднаш да се дефинира титуларот на сопственост.
Тоа мораме да го дефинираме во нашата Република

затоа што немаме никаков однос кон општественото. Бидејќи кај нас беше се општествено па ние си имавме дефиниција сечие - ничие. Со трансформацијата на сопственоста мора да анулираме без оглед дали е во јавна, државна, мешовита или приватна сопственост. Во ова време на законодавна празнина има појави на евтино законско пренесување на средства од општествена во приватна своина. Тоа е еден вид кражба. Оваа појава е најизразена кај малите претпријатија, па тоа да не се случи и кај големите претпријатија предлагам поголемите македонски претпријатија (Железара, Охис, Тетекс, Отекс, ЕМО, РЕК Осломеј, Битола) да се прогласат за државни претпријатија, или одредени претпријатија како јавни претпријатија.

Петто, во контекст на четвртата точка и на нашето преструктуирање мора под најитно да почне да функционира Агенцијата за преструктуирање и фондот за развој на СРМ.

ПАНЧЕ МИНОВ:

Другар претседател, другарки и другари пратеници.

Бидејќи од основниот материјал, од излагањата и богатата дискусија во однос на состојбите и проблемите во репродукцијата е скоро се исцрпено и искажано јас ќе оперирам конкретно со заклучоците. Во таа смисла предлагам:

Во делот на заклучувањето што се однесува за најизразениот проблем, за неликвидноста, во заклучокот 7 да се додаде нов став кој гласи: "за ублажување на крајно изострениот проблем со неликвидноста на претпријатијата неопходни се итни мерки и активности во обезбедување на средства од интервенциите во стопанството и кредити за ликвидност."

Во заклучокот 9 да се додаде нов став и да гласи: "да се оценува целисходноста од воведување на стечај спрема претпријатијата чија неликвидност е резултат на ненаплатените побарувања заради неспроведување на законите за финансиска дисциплина, а кои се поголеми од нивните долгови, посебно за покрупните претпријатија, со поголем број на вработени".

Во заклучокот 11, што се однесува на тешката положба на општествените дејности да се констатира крајно критичната состојба во основното образование за разлика од другите општествени дејности, а во мерките и активностите на Извршниот совет приоритет да се даде на покривање на загубите и обезбедување на средства за лични доходи за месец декември, каде што не се исплатени, како што е во општина Кавадарци, и јануари.

Инаку, ваквите состојби и мерки се содржани во извештаите на пратеничката група, а не се поместени во заклучоците. Да се додадат два нови заклучоци.

За земјоделството предлагам да се прифати заклучокот 10 предложен од Стопанската комора со посебно нагласување на стимулативните и заштитни мерки во земјоделството, посебно од увоз на земјоделски производи.

Во делот на растоварувањето, веќе со добиените материјали за наредната седница имаме комплетни предлози на закони кои значат и зафаќање на добивката, па во таа функција предлагам: за практично реализирање на растоварувањето на стопанството во претстојните предлози на закони, кои се однесуваат на зафаќањето на добивката од претпријатијата да се предлагаат конкретни мерки на намалувањето на зафаќањето по сите основи во стопанството.

ТОМЕ СТЕФОВСКИ:

Другар претседател, почитувани пратеници,

Ние имаме заклучоци по материјалот "состојби и проблеми со репродукцијата на стопанството во Македонија". Јас ќе предложам едно дополнување со заклучок да се работи на следното:

Собранието во претходниот состав донесе закон за продажба на становите во општествена сопственост. Овој закон веќе е во постапка на применување, се реализира, а за тоа помогна и една одлука на Извршниот совет за одредување на условите/ цената на станот итн. Кога се носеше овој закон во Собранието се велеше стан за продажба односно распродажба на општествениот капитал.
Претседателот на Комитетот, господинот Токарев тогаш изјави дека со продажбата на овие станови ќе се обезбедат околу 1.200 милиони долари, со што ќе се покриеше надворешниот долг на нашата Република спрема странство. Бидејќи во постапката се говореше дека е закон за продажба и распродажба, сметам дека ова Собрание треба да го преиспита овој закон, да го вратиме повторно во една постапка, за да видиме кои се условите за продажба и каде ќе одат овие средства. Ако пред една година тоа беше 1.200 милиони долари, тој износ сега веројатно изнесува две милијарди долари. Тоа е огромна пара и во овие услови најлогично е дека ова Собрание мора да биде заинтересирано каде ќе одат тие пари. За ова ми се дава поголемо право, бидејќи на осмата седница имаме точка на дневен ред - измени и дополнувања на законот за станбените односи. Таму се овозможува дедовците да им купуваат на внуците станови токму по основ на носител на станарско право. Од овој аспект барам во заклучоците да се предвиди преиспитување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост.

ДУШКО ЃОРЧЕВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници и гости.

После се она што беше вчера искажано тешко да може човек да може нешто ново да каже во оваа ситуација, меѓутоа какви ни се состојбите во стопанството, а предизвик за моето јавување е извештајот на парламентарната група за стопанство, па би сакал со извесни пошироки образложенија за присутни состојби да посветам внимание на еден од тие заклучоци и да предложам одредени мерки, ако има простор за понатамошно наше ангажирање.

Сѐ она што се случува во земјата, а и во републиката нормално е да има влијание на состојбите во стопанството. Во овој момент навистина тешко може да се најде човек, Влада или било кој орган со чаробно стапче да ги разреши проблемите. Меѓутоа, мораме подетално да се занимаваме со состојбите, затоа што после мерките што почнаа минатата година, на почетокот на оваа година и резултатите во вториот дел, навистина, не само што не се остваруваа, туку отидоа на уштрб на стопанството, на сите сектори, а аналогно на тоа и резултатите во општествените дејности и состојбите, кои знаеме какви се. Во услови кога нема сегмент кој што оди во некоја хоризонтална или вертикална линија и во услови кога, барем оној дел што навистина може да даде извесен придонес и да ја компензира севкупната состојба мораме да се посветиме малку подетално на оној дел од стопанството кој што во претходните период доста успешно се носеше. Имаше, дури, на некој начин и позитивни девизни ефекти итн.

Зошто ни се вакви состојбите во стопанството? Ние мора да признаеме и тука дека уште на почетокот на минатата година односно со донесувањето на новите уставни амандмани односно уште со самиот предлог на новите уставни амандмани на СФРЈ кои што се уште не се усвоени, а и законите кои потоа и уставните промени по републиките одамна се одрековме од тоа што значи општествен сектор и на некој начин пред време кренавме раце од тоа и препуштивме создавајќи некои така наречени услови за осамостојување на стопанските субјекти сами да се снаоѓаат во влошените услови, во поделбите што ги имаме во земјата, а и внатрешните односи во Републиката и во земјата. Нормално, тоа предизвика додатно растројство и незадоволство меѓу вработените затоа што унапред кажувавме дека голем дел ќе биде отпуштен. Затоа не создававме услови, пред сè социјална сигурност, а во организациите инсистиравме да се подготвуваат листи за  технолошки вишок итн. За тие листи скоро ниедна организација ниту имаше можност, ниту и пруживме шанси да ги реализира. Знаеме што се случи со Програмата за социјална сигурност на вработените и невработените, а во организациите на здружениот  труд кои не секогаш по своја вина, имаат огромен број на вработени, тешко може внатре да се преземат чекори и една организација од 7 илјади вработени една третина од вработените ги остави на улица. Понатаму, не можеме како општество туку така да се откажеме со едноставен декрет или прогласување на технолошки вишок или економски вишок од тие вработени, кои што во услови на договорна економија и тоа како одвојуваа од својот личен доход, од својот стандард за изградба на какви такви организации што ги имаме сега. Таа состојба неминовно наметнува на повисоко ниво сериозно да размислиме дали

тие општествени организации, дали тие сегменти на ова општество, на кое што се уште стои целата надградба, знаеме дека преку 90% од нив се алиментира можеме да ги препуштиме на забот на сегашниот наш однос.

ДУШКО ЃОРЧЕВСКИ: (Продолжение)

Во секој случај не да претендираме во правец на она што значи стопирање на спроведување на програмата и преструктуирање на стопанството и преод на сопственииштвото на капиталот.
Меѓутоа мораме да обезбедиме еден преод кој нема да предизвика жестоки социјални немири и навистина ќе не доведе во ситуација во ниеден момент не ќе можеме да ги оствариме замислите кои на некој начин еве со овие програми кој што се под знак прашалник сите едногласно ги поддржавме во минатиот период.

Второ, внатре во нашата Република ние мораме да му посветиме сериозно внимание на односот на одделни стопански субјекти. Ние се уште имаме односно далеку сме од таканаречена пазарна економија, бидејќи препуштивме сега да се снаоѓаа кој како знае и умее и допуштивме и тие солидни организации, поради состојбите во меѓусебните односи и можности да се наплати, ги доведовме во ситуација навистина да ги исклучуваат своите капацитети. Еве на пример во еден од ставовите од Парламентарната група за стопанство се вели дека Југохром и Железара исклучуваат по еден дел од своите капацитети затоа што не успеале да се адаптираат спрема новите услови за стопанисување. Или Парламентарната група не била доволно информирана или ова има некоја друга тежина.

Јас ќе кажам само неколку показатели да не ве замарам со овие детали кој треба овие комисии што сега ги договоривме и сегашната Влада и новата што ќе ја избереме, да им посвети посебно внимание.

Во сегашната ситуација како што работи Југохром, реконструиран целосно, потрошувачката на електрична енергија е на светско ниво. Меѓутоа, во услови кога грото од своите производи ги пласира на странски пазар, да има поскапа електрична енергија за три пати од секој конкурент, јас не знам дали е тоа воопшто конкурент и дали може воопшто да опстане на тој пазар, па било и на домашен. Нема ни еден голем потрошач во светот кој плаќа повеќе од три центи, а има и 1,5 да гоземеме најголемиот. Југохром и сите големи потрошувачи во Македонија плаќаат 6,18 центи. Тука е и министерот за енергетика, ако не сум во право сигурно ќе ме корегира, но мислам дека е така, тие показатели се извадени од официјални брошури и сето тоа укажува на тоа дека и тоа електростопанство како субјект има индикации да, Осломеј извесно време седеше заради немање пласман на електрична енергија. Се прашувам дали е тоа општествено оправдано.

Второ, има индикации дел од ел.енергија да биде продава во другите републики за пониски цени. Да видиме дали во овие состојби кој што се тоа можеме да го оправдаме. Мислам дека Љубисав Иванов минатиот пат кога дискутиравме за сувереност на Македонија кажа и за тоа дека многу поголемо внимание треба да посветиме и за нашето економско заокружување и огромната зависност што ја имаме, но мислам на ниво на Југославија, нормално нашите определби се заеднички пазар, меѓутоа и пошироко.

Понатаму, кога дискутиравме за она што значи создавање на пазарни услови на стопанисување односно конкуренција.

Ние не можеме а да не констатираме едно. Она што се презема во овој период во смисла на увоз кој што знаеме дека поголемиот дел е подамтишки цени, ги доведе нашите организации и нашите капацитети во многу незавидна положба. Зошто е тоа така. Затоа што ние другиот дел до нашата обврска спрема тие организации не го преземавме. Ние не успеавме ниту да ги растовариме од она што мораа да го даваат спрема општеството, а ниту оној дел за кој минатиот пат говорев како општество да им обезбедиме можност да се растоварат од енормното вработување итн.

Од аспект на општествените дејности само сакам на неколку работи да укажам. Мислам дека она што се работи во здравството сега, исто така е продукт на сегашната состојба и снаоѓање кој како умее и може, од она што значи внатрешно никакво преструктуирање и организирање, она што значи додатно оптоварување, можам да кажам на најсиромашниот дел од вработените. Голем дел од нашите вработени, знаеме дека примаат загарантиран личен доход, а едно влегување во болница го чини изнад 500 динари. Дали со тоа му помагаме или го буткаме најсиромашниот дел да не може да ги оствари своите потреби од здравство, интервенции итн. и доведување до други негативни последици.

И околу оној дел со конвенциите. Долги години Македонија не ги наплати конвенциите. Мораме да признаеме тие средства доаѓаат во Македонија. Сигурно е дел од наша вина што тие средства не доаѓаат таму каде што треба да дојдат.

Второ, за образованието. Има сегменти, има општини каде ова образование може итекако извонредно да се носи со она што значат финансиски потреби, меѓутоа, заради тромоста на нашето општество, повторно доаѓаме во ситуација исклучиво образованието да го финансираме со општествениот сектор. Тоа е она што значи рамноправно учество на сите вработени, било каде, чии семејства живеат таму. Во Тетово 2 години се настојуваше минатата година, да речеме 3 месеца се наплати некаде 3-4 милијарди а следната фаза беше укинување на таа одлука од Уставниот суд. Што натаму? Дали имаме такви можности за една таква солидарна ширина, или мораме да се посветиме во правците кои ќе значат излез, а тоа се некаде само за ваше информирање, 2/3 % од вкупно вработените што ги имаме во Тетово.

Понатаму, што сакам да напомнам е тоа што имаме една ситуација која што навистина не е завидна, а тоа е, во ваква ситуација каква што е Југохром, а имаме и други организации, слична беше ситуацијата во Тетекс и продолжува и во некои други, под притисок на овие состојби што ги имаме во организациите имаме и голема селидба на кадрите. Таква селидба имавме во 1968 година и одвај ја преживеа Југохром, а сега имаме повторно една таква ситуација која навистина може да има катастрофални последици. Значи се селат инженери со 10. 12 и 15 години искуство, и тоа не само во градот, во други организации, не е ова пазарна работна сила итн. меѓутоа имаме и селидби во Австралија и во други земји во светот, секаде каде што можат да се снајдат за гол опстанок.

Следното што сакам да го напомнам е дека имаме една ситуација која се врзува околу исполнувањето на нашите законски определби. Ние имаме огромен дел на плаќање на даноците кој итекако има влијание на сѐ она што значи надградба итн.

Да спомнам уште ова. Мислам дека повеќе пати беше кажано и вчера да ние мораме да имаме сопствена стратегија, го реков и тоа, имаме одредени укажувања дека во најкраток рок ќе стигне, мислам дека по овие заклучоци кои итекако треба да се надополнат, односно да дојдат на телата во Собранието, а и во тие заклучоци ќе мораме за определени сегменти да определиме и рокови, кога на истите ќе се навратиме да го видиме и нивното остварување за кој ќе се договориме.

МИХАИЛ ПАНОВ:

Имам реплика на излагањето на господин Горчевски. Вчера исто така сакав да се јавам за реплика на господин Симеон Иванов, а во врска со тоа што и двајцата изнесоа дека малтене Електростопанство на Македонија е најголемиот виновник за лошото работење. Не знам колку се запознаени господата овде дека цената на ел. енергија овде ја диктира Република Србија бидејќи е таа најголемиот производител и извозник на ел. енергија. За пример, секој час извезува најмалку 300 мегавати по еден долгорочен договор што го има склучено само со Хрватска, а да не зборувам со останатите републики. Од таа причина на Република Србија како главен и најголем производител на ел. енергија и одговара цената на ел. енергија да биде што поголема.

Бидејќи електростопанство на Македонија во последните години односно после принудниот управник што дојде во Битола доста добро се консолидира и доста добро работи. Само за пример ќе ви кажам во моментот сега Македонија произведува околу 750 мегавати од кои 170 до 180 одат за извоз. Значи од 20 до 22 отсто ние во моментот извезуваме ел. енергија и тука доаѓаме до една контрадикторност со претходните излагања. Велите дека сме опкружени, ориентирани спрема една страна со нашето производство, а таму каде што сме ориентирани ни диктираат цена на ел. енергија чии производител сме исто така ние и извезувач во моментот. Затоа ќе треба еднаш за секогаш да расчистиме. Можеме да им наложиме на електростопанствениците цената единствено под услов ако сме ние суверена држава само во тој случај, а сè додека сме во оваа Југославија ако не сакаме електростопанство да ни работи со загуби тогаш мораме да му дозволиме да ги следи цените што се диктирани, реков од каде.

Само ќе кажам уште тоа дека и технолошкиот процес на големите произведувачи, Железара и Југохром, посебно на Железара, не е баш најприкладно погоден во однос на тие евтини и поскапи тарифи што ги имаме. Најаргументирано тврдам и спремен сум на господинот од Железара што претходно се јави, можам да ви донесам и докази дека Железара, каков им е технолошкиот процес не знам, не можам во тоа да навлегувам, троши при поскапа тарифа отколку при поевтина. Додека Југохром во оваа смисла се има корегирано.

ДУШКО НИКОЛОВСКИ:

Очигледно дека пратеникот Пановски не знае кој се изворите за финансирањето на ел. енергија во Југославија во конкретниот случај Македонија.

Второ, очигледно ја прифатил цената како нето цена што ја плаќаме ние стопанствениците. Па оттука ако се знаат тие 2 работи, тогаш очигледно може да се води стручна расправа. Само толку во овој случај.

ТАИРИ:

Дами и господа пратеници,

Минува времето на стагнацијата затоа треба да се научиме да живееме со разни изненадувања. Основата за стабилност и егзистенција ќе зависи од способноста за да се направат промени и усвојување на истите. Основната задача е способноста за да се направат основи за да се мисли креативно и на нов начин. Новите услови треба да се измени и планирањето. Од оваа насока треба да преовладува флексибилното производство организативната и работоводната структура во која се сконцентрирани директните и индиректните можности за современо водење на маркетингот.

На економските субјекти им е потребна јасна работна доктрина кој го одредува целта и содржината на организацијата. Исто така се бара таква организација која содржи елементи на добро однесување каде меѓучовечките односи се добри и гарантираат добра работа. Кога човек е слободен и стимулира да работи во креативен начин, кога луѓе ги хуманизираат односите се создаваат основи за развој.

Развојот на малото стопанство во развиените технологии се одвива преку специјализирани центри каде работните организации се раѓаат брзо и брзо одумираат. Ние сме застанале во кафани како да се плашиме од модерното производство. До колку не се ангажираме кон брзи промени на односот кон креативниот кадар, нивната динамика, ефикасноста и стимулацијата брзо ќе имаме работни организации кои повеќе ќе ми личат на центрите за социјална работа со социјална карта како основа за распределување на примањата. Таа економија која има инспирации да реализира динамичен развој и со успех да се инкорпорира во меѓународната размена и подела на трудот, треба да има способен и квалификуван кадар. Способен од стратешка и оперативна гледна точка која со успех ќе го води економскиот субјект.

Во работните организации треба да се формираат единици или групи на експерти кој ќе работат на развојните планови и истражувањето со цел да се создадат услови за иновации и потребни промени. На тој начин ќе се создадат услови за да се стави во употреба науката, бидејќи досега науката се применуваше само во институтите и факултетите, а не и во работните организации, со што истите нема да дојдат во ситуација работниците масовно да ги отпуштат од работа.

Основната динамика на идниот развој треба да биде пазарната економија во сите сфери каде е тоа можно со целосно ослободување на идеите на договорната економија и ослободување од поволните стекнати позиции, преструктуирањето на стопанството со сопственичка мотивираност,

управувањето по основ на капиталот со јакнење на имотниот ризик, основање на мали и средни и организации кои гарантираат флексибилност и даваат можност за воведување на современа технологија и истите многу брзо се прилагодуваат кон потребите на пазарот со перманентно следење и применување на светско научните и техничките достигнувања.

ЉУПЧО ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас ќе се придржувам на вчерашното укажување на претседателот дека треба повеќе внимание да им свртиме на заклучоците кои се и кој на некој начин треба да ги донесеме во врска со оваа точка на нашето Собрание. Во таа смисла мислам дека повеќе треба да бидеме свртени кон овие заклучоци и да поставуваме јасни барања, затоа што во спротивно на нејасни прашања ќе добиеме и такви одговори, па потоа имаме обвинувања спрема Влада и спрема други органи.

Токму во контекстот на точка 12 каде што се зборува за општествените дејности, јас би се заложил за доградување уште на едно барање или еден заклучок со кој ќе се побара преиспитување на одлуката за централизирање на приливот на средствата кој се остваруваат преку придонесите за општествените дејности. Имено, залагањето е во тоа да се оцени дали овој начин остварува позитивни или негативни ефекти, бидеј ќи имам чувство дека на тој начин се создава простор и за внесување на некои субјективни или волунтаристички критериуми при пренасочувањето на средствата за одредени области, дали станува збор за образование, здравство

и социјална политика итн. На тој начин би требало да добиеме една јасна слика бидејќи таа одлука беше донесена само пред неколку месеци. Имам чувство дека проблемите што се појавија конкретно во сферата на основното образование во Скопје меѓу другото се должи и на ваков начин на прераспределба на тие средства кој се собираат на една единствена сметка.

Вториот заклучок или барање се однесува на точка 14 каде се укажува на проблемите на конституирањето на локалната самоуправа во општините и негативните појави што се јавуваат во врска со тоа. Тука исто така сакам да предложам еден заклучок со кој би се преиспитала или на некој начин би се стопирала одлуката за именување на нови функционери во така наречените извршни одбори на општинските собранија. Ова го велам од следната причина.

Ние знаеме со одлуките на Републичкиот извршен совет управните функции или органите на управата во општините во голем дел ги преземаа републичките органи, со тоа што значи дека постојните функционери, сега раководни лица си ја задржуваат функцијата и ја остваруваат. Ние со новите избори сега при конституирањата одевме на избори исто така на нови извршни одбори од три до 5 членови. Тоа значи се зголемува бројот на функционерите. Така да доаѓаме во една контрадикторност која што е присутна како залагање во сите политички партии дека во овој период ќе градиме евтина и ефикасна држава. Ова го велам затоа што залагањето ми се состои во следното: сè до донесувањето на новиот закон за општината или локална самоуправа, како ќе се вели да да се стопираат тие одлуки, затоа што да не доведеме во ситуација утре да имаме најмалку уште стотина или 200 така да кажам лица функционери

кои што ќе остваруваат по право на располагање ако тие органи се укинат или изгубат предмет на содржина на остварување во општините.

АСЛАН СЕЛМАНИ :

Поштувани претседатели поштувани пратеници,

Тешко може да се објаснува релацијата на геопросторот на Македонија со севкупните ресурси што ги поседува од една страна и показателите што се наведени во материјалот од друга страна. Навистина овие показатели се фрапантни во негативна смисла што укажува на фактот дека Македонија без јасен и дециден проверен модел за стопанскиот развој тешко може да излезе од овој темен економски видик. Досегашната економска политика не беше во состојба да ги ублажува негативните трендови во стопанството и пошироко, при што произлегува и неопходноста за преземање на најитни селективни мерки во разрешувањето на сегашните тензии во платниот биланс. Овој парламент и идниот извршен совет мора да создава услови за економски раст под системот пан-метрон и никаков не смееме да дозволиме влегување во статус натуралис, а потоа повторно се од почеток. По се изгледа кој оваа егзистенцијална проблематика се однесуваме како ништо да не се случува околу нас, а мерките што ги преземавме досега не беа продуктивни, што значи дека мора да се пронајдат ефикасни модели. Откога памтам па се до денес за жал, ниедна започната економска реформа, а и општествена реформа не беше спроведена до крај. А оваа последнава по се изгледа со сите сили се настојува

да се руши од оние луѓе, од оние сили што ништо не нудат ново во стопанскиот видик. Македонија нема потреба од блуктавите импровизации во стопанството, затоа што тие нудат само мигновни ефекти. Под итно треба да се реши статусот на работниците кои се на принуден одмор, привремено отпуштени работници и како технолошки вишок. Потоа да се третираат пензионерите, навистина, како што треба затоа што тие веќе го вложиле нивниот труд. Потоа егзистенцијалните потреби на просветните работници и тоа на краен начин во сите нивоа. Потоа рапидно подобрување на материјалните услови во културата, здравството и другите институции, што претставуваат витални дејности за едно општество. Нека не ми се лутат економистите, но ќе кажам дека не ја прифаќам економската криза како доктрина сама по себе, туку тоа е резултат на кризното општество, а пак тоа е резултат на кризните луѓе. Затоа, Македонија во овој миг има потреба да изнајде начин како да се ослободиме од социјалните експлозиции кои се на видик со конкретни мерки и акции. Во таа смисла предлагам да се употребуваат сите правни сили побарувањата на нашите претпријатија од страна на претпријатијата на другите републики под итно да се подмират. Потоа средствата од Сојузниот совет и слично со цел да се стават во употреба во соодветните стопански и нестопански институции и слично.

На крај ги прифаќам настојувањата и насоките на стопанската комора на Македонија и на другите асоцијации односно ги прифаќам изложените заклучоци, но со една суштинска констатација што не следи долг период, а тоа е секогаш изготвуваме добри заклучоци, меѓутоа на планот на нивната реализација секогаш покажуваме слабости, затоа.предлагам Парламентот да

утврди рок во кој изложените заклучоци треба да се реализираат. Доколку не постапуваме вака, тогаш ќе бидеме приморани да следиме нови социјални премиери пред портата на Парламентот, а првата премиера веќе ќе ја имаме можност да ја следиме денес од страна на предупредувачкиот штрајк на наставниците од основните училишта.

ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:

Господине претседателе, господа пратеници,

Јас разгледувајќи ги и слушајќи ги излагањата на досегашните дискутанти во потполно се сложувам, а во исто време и се сложувам со мерките што ги има донесено Стопанската комора и синдикатот. Меѓутоа јас би рекол неколку збора во однос на Западниот дел, западното поднебје на македонската држава, за градовите кои што влегуваат Гостивар, Кичево, Тетово и Дебар, помалку за нив, меѓутоа повеќе ќе зборувам за градот Кичево.

Господ кога го створил човекот му дал организам и органи со кои што треба да живее да работи и да функционира. Меѓу нив го дал и слепото црево. Слепото црево, некогаш било функционално, меѓутоа сега го ваѓаат и го фрлаат. Кичево за оваа Македонија, за оваа македонска држава вечито било слепо црево и вечито останува такво какво што е и. Сакам да кажам во врска со овие работи, поготово со нашите работни организации, кои што горе долу пропаѓаат наместо да одат напред.

Да тргнам прво, од работната организација земјоделското стопанство, кое што се занимава исклучиво со земјоделство, овоштарство и сточарство. Бидејќи оваа држава досега не нашла за сходно да производите од овие земјоделски производи да ги пласира на одреден начин односно да даде

гарантирана цена, било тоа да е за овоштарството, било тоа да е за сточарството, било тоа да е за земјоделските производи. Немаат гарантирана цена, поготово, не само тоа земјоделско стопанство, туку немаат ни индивидуалистите, кои што се занимаваат исклучиво со сточарство кое што има некаде околу да не ме фаќате за збор некаде околу 12 до 13 иљади глави овци. Ние и понатаму продолжуваме да увезуваме месо од другите републики, од друго место и да им ја обараме цената на овие земјоделски производи со кои што го упропастуваме земјоделството односно земјоделското стопанство во Кичево.

Копачка како еден од најголемит комбинати кои што имаат најголем број вработени кај нас во Кичево сега е дадена на суд за стечај. После толку години работење, ние мораме да дозволиме како Парламент таа да оди во стечај и воопшто не можеме да ја закрепнеме или да најдеме соодветно решение тој комбинат да остане онака како што бил онака како што функционирал како досега. Таму одат работниците на неплатен одмор. Се редат од еден до друг односно од една до друга работна организација внатре во Копачка, а не најдовме за сходно да им помогнеме да стори нешто да оди понатаму. Керамичкиот комбинат, тоа е организација каде што долги години се дави во загуби, имаше долги години кредити кои што ги санираше и ги употребуваше за неговиот развиток. Меѓутоа, бидејќи не водејќи оваа држава Македонија, неводејќи сметка по однос на градбата на таквите комбинати каде што се градеа на секој чекор керамички комбинати и дојдоа до прашање сите тие керамички комбинати и ги упропастија таканаречено организациите во однос на нивната егзистенција.

Сега и тој керамички комбинат е во знак прашање. Што се однесува до штрафарата и Тајмиште, Тајмиште беше едно од најголемите работни организации кај нас во Кичево. Беше после Копачка. Меѓутоа, со затворањето на печките односно со гаснењето на печките на Железарата Тајмиште и испушти 460 работници од работа на таканаречен вишок. Штрафарата исто така е организација која што живее некаде од 1962 година живееше во доволна мера меѓутоа и таа како организација ги испушти тие 160 души, останаа некаде околу стотина души таму да работат односно да го чуваат тој дел на работа. Колкави се неговите пласмани тоа е друго прашање. Работните организации во Кичево се толку на ниско ниво што не се во состојба да работат и да функционираат. Личните доходи во организациите се на минимално ниво. Помали лични доходи јас мислам дека нема никаде во Македонија отколку што се во Кичево. Наоѓајќи за сходно овие работни организации да вршат исплата на личните доходи на некаков начин и избегнувајќи ги сите трошоци за кои што се заинтересирани давачките на заедницата, наоѓаат за сходно да исплаќаат лични доходи во вид на бонови за да земе на одреден начин пари и да живе и да егзистира. Но, тука сега веќе нешто друго се јавува со земањето на парите на тие бонови. Се јавува тоа што избегнуваат давачките, давачки нема, во тој случај што настанува. Настанува кризна ситуација по однос на исплатата на личните доходи на просветните работници, значи и другите установи кои што треба да земат лични доходи од тука. Според тоа во нашиот крај е толку загрозена ситуацијата што во заводот за вработување некаде од оние 4 илјади души што беа претходно, се направија сега пет илјади души невработени

кои што живеат не знам на каков начин, на минимален начин односно со минимални лични доходи и не се во состојба да егзистираат. Според тоа предлага одредени заклучоци кои што ќе барам од Парламентот да се заземат, да може да се заземе парламентот да може некако да егзистира и да живее и тој дел на Кичево.

Прво, да се активира под итно ако се може работата на Железарницата со целокупниот нејзин капацитет, како би заживееле двете работни организации, поготово Тајмиште и штрафарата „Тане Танески".

Понатаму, второ, термоелектраната Неготино да се префрли како основно средство на Железарницата за да може да се купува електрична енергија железарата од Србија, туку да има барем минимум свои потреби, затоа што колку што знам и колку што сум информиран, а можеби и се лажам дека термоелектраната Неготино сите ануитети се исплатени и сега нема што да плаќа и како основно средство се префрли на железарата, а железарата да ја има како основно средство и да си ја користи исклучиво електричната енергија на железарата.

Трето, ако не се преземат некои соодветни мерки од овој парламент барам Кичево целокупно, со целото население да се префрли во некоја попродуктивна општина, да живее и тоа како што живеат и другите попродуктивни општини. Вас ви е смешно, меѓутоа мене не ми е и ми се плаче. Предлагам дискусијата, на крајот тоа е, дискусиите кои што ги водиме еве веќе два дена за стопанството да бидат пократки, конкретни и попродуктивни.

Брзо да се решаваат, а не да се занесуваме односно да конференцираме  како што досега имавме конференцијашки работи.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Почитуван претседател, почитувани пратеници јас морам колегата Вецко малку да го корегирам и да му упатам некои укажувања. Пред се мислам дека да се рече дека Кичево е слепо црево, мислам дека тоа е неодрживо. Кичево е поврзано и со железница и со друмскиот сообраќај што не е случај со Дебар Струга за што се залагаме да продолжи железницата дотаму за да на некој начин и тие подрачја да се поврзат со другите градови и со земјата во целина. Мислам дека железницата и друмскиот сообраќај се важни претпоставки за развој на стопанството на една општина, па и на еден регион. Мислам дека а и затоа велам дека таквата констатација е неодржива.

Второ што се однесува состојбите во стопанството и репродукцијата во стопанството на кичевската општина мислам дека донекаде треба да се прифати констатацијата дека состојбите и таму се такви како што се горе долу и во другите општини што со исклучок, со една можеби мала забелешка што таму во одделни колективи, а особено во Треска-Копачка, каде што мене барем ми се попознати состојбите, состојбите се такви и се дојде до таа ситуација заради менаџментот, таа рак-рана да кажеме со која се соочуваме скоро секаде, некаде повеќе некаде помалку. Јас знам дека во Копачка Кичево кога имаше коњуктура за пласман на мебелот немаше производство. Кога имаше производство имаше обиди за извоз, но производите ни се враќаа, цели камиони ни се враќаа. Колективот на Копачка долги години и сега се занимаваше  многу со сам себе, а помалку со проблемот на организацијата

на работењето, зашто пласманот беше обезбеден преку сложеното претпријатие Треска.  Значи, патиме од главата, а не ни е крив друг.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ: (ВМРО - ДПМНЕ)

Точно е тоа дека г. Превала работел во Треска - Копачка овде во Скопје, меѓутоа, проблемите во Треска - Копачка во Кичево јас мислам ги знае во доволна мера. Меѓутоа, јас реплицирам заради тоа да кажам една работа.

Во времето кога се градеше железарницата во Скопје, во Кичево се направија толку големи бушотини што се изгубија големи средства во однос на тогашната македонска држава и на крајот на краиштата, рекоа дека железарата нема подлога тука, туку ќе ја носиме понатаму не се знаеше каде. Со залагање на тогашната власт ја оставијата железарата да биде во Скопје инаку требаше да се носи во Србија, јасно му е секому оној што има поголеми познавања.

Меѓутоа, сега во однос на Копачка. Таа е претпријатие кое прави полупроизводи. Секогаш било така, таму на местото каде треба да биде суровината и таму каде што треба да се гради фабриката тука треба да биде и полупроизводот и производот и финалниот производ. Кога се направи Копачка таа беше стар комбинат, бидејќи другарите од Треска - Копачка овде требаше да живеат во Скопје, убав град, метропола и ја направија тука така што финалните производи кои требаше да ги прави ги правеше оваа Треска - овде, а таму имаше полупроизводи во Треска - Копачка и не беа во состојба сами да ги изработуваат и направат свои одредени проекти за да стоката која требаше да ја пласира директно, Треска - Копачка - Кичево да не им ја дава во полупроизводи, туку самата да ги пласира, затоа се јавија тие проблеми. Меѓутоа, тие проблеми не ги виде оваа Треска - Копачка - Скопје, туку веќе кога не можеше да живее таа Треска, сега нема што да им помогнеме, вие давете се и немојте да излезете од ситуацијата. Сполај му.

БОЖО РАЈЧЕВСКИ - СПМ

Предлогот на другарот што дискутираше пред мене е интересен во однос на „Осломеј". Во нашата програма за преструктуирање пред малку не детализиравме имаме предлог Железарницата да биде во електросистемот на СРМ како крајно решение за снабдување со електрична енергетика. Ова е добар предлог и треба да се размисли.

Вториот момент со „Тане Цалески" е решен исто во таа програма од први април е со ограничена одговорност и тоа треба да се најде на пазарот со сите позитивни и негативни моменти. Значи треба самите да се свртат кон себе да не чекаат од Железара за да имаат некаква сигурност. Во иста ситуација сме и јас каде сум директор на погонот и ние одиме во друштво со ограничена нужност но јас немам страв од тоа. Тоа важи и за „Тане Цалески". Тајмиште е тежок проблем бидејќи производството на суровото железо се прекинува во железарата како нерентабилно сега се оди на феролегури и Тајмиште ќе биде во чекор, ќе се решава сега само се прават планови за преструктуирање и производство на други работи, а не на железна руда.

СТРАШО МИЛКОВСКИ (СКМ - ПДП)

Почитувани колеги, јас го ценам вашето трпение што два дена седиме во овие клупи и расправаме по предложениот материјал и затоа ќе одустанам од мојата дискусија, затоа што голем дел од тоа е содржано во претходните дискусии. Меѓутоа, бидејќи градежништвото претставува социјална бомба, која во секој момент може да експлодира, само на крај би заокружил со една реченица дека проблемите во градежништвото во никој случај не можат да се

посматраат од аспект на неискористени капацитети, работна снага и слично, меѓутоа, зависи од развојот на севкупните општествено економски односи. Дотука би ја завршил дискусијата, затоа што знам дека сѐ понатаму беше кажано.

Нешто што сакам да предложам до Извршниот совет по однос на Законот за продажба на станови, доколку тој биде ревидиран јас немам ништо против на овој Парламент, меѓутоа, јас би го замолил Извршниот совет методологијата за утврдување на метар квадратен да биде што поскоро пуштен за да може во одреден период тоа да биде донесено за да на некој начин почне продажбата оти мислам дека продажбата сѐ уште не е почната, а овие пари, колку што знам се наменети исклучиво за изградба на нови станови.

Уште една точка сакам да кажам дека наполно се согласувам со дискусијата на одредени колеги пратеници кои ја нагласија задолжителноста на присуство односно привлекување на стран капитал во нашата земја. За тој стран капитал мора да имаме наш градил кој ќе биде основа за тоа, а дали тоа ќе биде преку мешовити претпријатија или давање на концесии неспорно се наметнува од Извршниот совет предлог програмата што имаше обврска да ја достави до Собранието да во што може покус период ја даде предлог програмата на верификација на ова Собрание и почне со активностите кои понатаму следат.

Уште една работа врзана со проблемот на градежништвото тоа е 1983 година градежништвото отиде на работа во Ирак. Беа направени договори со одложено плаќање на две години. Меѓутоа, 1987 година ирачката влада, плати 15% и имаше препорака да плати уште 15%, меѓутоа, со посетата на г. Марковиќ, мислам дека и нашиот претседател како амбасадор беше тогаш се

донесе согласност работите кои завршија 1987 година и за која беше издаден сертификат и беа дадени на употреба во 1990 година бидат платени 47-50%, а во 1991 година 50%. Меѓутоа, со војната во август тој договор не се изврши. Сега по донесување на Законот за откуп на долгот се бара да се изврши откупот и да се реализира преку ЈУБМЕС - банка, и мислам дека Законот предвидуваше дисконт од 30% врз основа на ризици. Ако се има предвид дека градежништвото по однос на ова одложено плаќање голем дел користеше кредити кои беа со постојна камата, тешко дека во цената имаше 30% резерва која може сега да ја прифати поготово што сега од ЈУБМЕС - банка, се бара согласност од организации, да дадат 30% на име на дисконт. Затоа јас би го поставил прашањето дали може овој парламент или Извршен совет да се заложи овој процент кој е во Законот до 30% е кажан, па да не биде до 30% туку да биде помал и да се направат напори овој процент кој се бара како дисконт да најде свој одраз да биде намален по однос на кредитите кои се користени од постојните банки.

ТИМЕ АНДОНОВ: СР СМ

Почитувани пратеници јас нема многу да зборувам, само да кажам неколку збора за тоа што некако сите ги гледаме работите малку да не речам еднострано, имаме точка за целосно стопанство и нестопанство, а сите некако бараме помош секој од која гранка дошол дали стопанството или нестопанството, па така некои работи барем мене лично ме иритираат бидејќи некои искази кога слуша граѓанството дека школството ќе стапи во генерален штрајк, за мене се недообјаснети работите, бидејќи велиме дека стопанството се наоѓа во колапс, а од друга страна знам дека школството досега ги земаше личните доходи што требаше да ги земе со правата на покачувања,

па не можам да сфатам како можат да се земат редовно лични доходи со големината што требаше да ја имаат во нормални прилики, а сега доаѓа несфатливо дека нема пари за школство, образование или за други гранки од нестопанството кога знаеме дека 1/3 од вработените во стопанството се на гарантиран личен доход колку рековме дека немаат земено личен доход по 2 и повеќе месеци, од друга страна еден најсвесен дел на луѓе од Заедницата се закануваат со штрајкови дека ако не се најдат извори на средства нема да се работи.  Мислам тоа се апсурди што треба да се разберат и оваа ситуација треба сите да ја поделиме подеднакво.

Друго, барем сите ние што сме во одредени гранки нископродуктивен или трудоинтензивни гранки дека нема создавање на вишок на вредност како во попродуктивни гранки е тоа што моментално земаат редовен личен доход организациите што имаат монополска улога на нашиот пазар. Тие се најсигурни, тие земаат лични доходи на први, тие имаат покачувања додека другите гранки никој не се грижи за нив.

Уште нешто што боли во моментот во поминувањето на општествениот капитал во приватен се дозволува на одредени гранки што имаат монополска улога општествениот капитал да оди во приватен. Така реагира граѓанството и народот и затоа Извршниот совет мора да даде толкување по ова прашање. Не може организацијата моментално да оди во акционерско друштво, ако капиталот што го има е создаван на друг начин, не на слободен пазар туку на пазар каде што владее таа, мислам дека тоа се случува со електростопанството нафтената индустрија, тутунската гранка, не се опфатени сите чинители во таа корист.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ: ВМРО - ДПМНЕ

Дами и господа,

Дали господата пратеници заборавaат дека се избрани на повеќепартиски избори дека делегатскиот систем е минато, Соборот на здружениот труд веќе не постои а некои пратеници дискутираат само за своите фирми заборавајќи го горенаведеното. Дискусиите во парламентот по ова прашање се сведуваат на некои пратеници на дискусии во фирми каде држи седница работничкиот совет. Прашањето за кое расправаме е комплексно и бара од овој парламент изнаоѓање механизми за негово трајно и меродавно разрешување.

Битен предуслов е, како еден од најбитните, најитно формирање влада која ќе има кредибилитет на овој парламент за разрешување на постојните проблеми.

Што се однесува до Извештајот на Извршниот совет состојбите се тие иако еден дел од нив се депласирани со најновите политички настани во Југославија. Извештајот и предлозите на Стопанската комора скоро во целост се прифатливи. Барањата од синдикатот гледани од аспект на социјална заштита на работниците се прифатливи но покрај работниците како социјално загрозени што е и со невработените, пензионерите со мали пензии, земјоделските пензии се симболични итн.

Синдикатот т.е. неговото претседателство нема право да бара еден од потписниците, на колективните договори да бидат институциите на власта. Тие договори треба да ги потпишат работодавачите во случајот Стопанската комора и претставниците на давателите на трудот. Синдикатот би требало да се залага за формирање на грански независни синдикати, да ја намали администрацијата во своите редови итн.

Исто така и самиот систем бараше одредени вработувања да има социјален мир, предимензионирани и гломазни служби во сите претпријатија и дејности.

Стечајот виси над големите производни капацитети посебно во текстилната индустрија и градежништвото. Производството на белата техника за домаќинство иако работат добро немаат залихи производството продадено, капацитетите искористени, меѓутоа, поради нарушените финансиски текови и неизвршените обврски од другите субјекти доведени се во незавидна положба и организациите кои добро работеа.

Мали и средни капацитети се пофлексибилни и ги немаат горенаведените проблеми, но не можат да започнат нов инвестиционен циклус. Од ова произлегува дека треба да се направи рационализација и во производните и во сите општествени дејности. Да се растовари стопанството, посебно со данокот на добивка и доходот од личен доход на работниците кое заедно со придонесите претставува големо оптоварување.

Заради една илустрација, производно претпријатие со 1.500 вработени нето лични доходи во маса изнесуваат 5.000 стари милијарди, вкупно бруто лични доходи уште 5.000 стари милијарди кои заедно со данокот на добивка изнесуваат сса. 12% од нето маса личните доходи.

Сигурно ваквата распределба на доходот што мислам дека е едно од најважните прашања на стопанските претпријатија не остава место за нов инвестиционен циклус, создавање на нова вредност, проширена репродукција и ново вработување.

Во тој контекст само ако 50% од зафатените средства му се оставaт на производните претпријатија да ги вложат во производство и продуктивно вработување, секако ќе се подобри и материјалната основа и вработување на креативни стручни кадри. Во спротивно ако тоа не се направи да се оданочат односно да се делува стимулативно во натамошниот развој. Истото би важело и за малото стопанство, посебно ако е производно насочено, атрактивна распределба за привлекување на свеж странски капитал како и средства на нашите иселеници. Едноставно профитабилно инвестирање во кое ќе најдат интерес стопанските субјекти за рентабилно работење.

Исто така монополското однесување на електростопанство нафтената индустрија на ниво на Југославија ги доведува нашите капацитети од црната и обоената металургија како и базно хемиската во незавидна ситуација затоа што секое покачување на струјата влегува како голем фиксен трошок во цената на производите и понатаму се генерира инфлацијата. Само заради една илустрација, цената на струјата во Норвешка и Канада за вакви големи потрошувачки е 1,5 центи по квч. САД 2,5 центи, а кај нас 5 до 6 како што рече претходниот пратеник. Ова важи и за комуналните претпријатија кои ги покачуваат цените на водата и кириите и до 400 проценти во последниве месеци.

Репродукцијата е едно од најважните прашања, кое треба да го реши итно и конструктивно идната влада. Репродукцијата треба да биде цел и задача на државата, а таа во нејзина функција да има повеќе производни носители за да товарот падне на поголем број производни претпријатија, за да не се доведат во прашање и општествените дејности кои се меѓусебно поврзани и зависни.

ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Секако се поставуваат разни прашања каква Југославија каква Македонија, какви институции и организации. Меѓутоа без оглед на која опција на идното уредување на Југославија ќе се определиме праксата покажа како и во последните настани од пред скоро една година и два месеца дека секој го гледа само својот интерес и своите позиции. Тоа налага на одбранбени економски механизми и инструменти за заштита на нашето стопанство и интереси. Пред се за заштита на индустријата индивидуалното и индустриското производство, на оризопроизводството, тутунопроизводството, овоштарството, јаболката итн., итн., со гарантирани цени во откупот, со даночна и царинска политика со антитемпишка политика итн., развој и урбанизација на македонското село, искористувањето на компаративните предности, посебно развојот на сточарството, говедарството, ревитализација на македонското село со економска принуда, искористување на природните ресурси кои што секоја година пропаѓаат, изградба на брани и мини акумулации, и инфраструктура и комуникации. Увоз на евтини суровни и на заштитни средства, како и поголема финализација на нашите производи. Човек не може сам за себе да биде среќен како и секоја држава затоа мислам балканското отворање на границите, отворање на границите посебно на нашите се предуслов за забрзан развој, како и протек на стоковна размена, економски, културен и политички развој на севкупните односи со соседите со кои што треба да се разговара и договара, зошто економиката не признава ни локални ни републички, државни граници, а најмалку политички бои.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави Мухамед Халили.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Дами и господа, ценето претседателство. Економската криза е комерцијална точка во цикличното кретање на стопанството, крајната точка во пореметувањето се манифестира во економијата и во другите сфери во друштвото. Состојбите на стопанството во Републиката се крајно критични, долгото траење на економската криза доведе до крупни нарушувања од материјално-финансиски карактер. Меѓутоа досегашната практика покажува дека сме стручњаци да констатираме, да оценуваме, да тргнуваме од состојбите во земјата, да го задолжиме некој орган или Извршен совет. Сето ова се наоѓа во нашите материјали. Некако немаме осет да го цениме времето а веќе сме во третиот месец од годината. А Извршниот совет смета дека во програмата на мерки за економската политика во 1991 година, изготвена од надлежните републички органи која ќе треба да се донесе во најскоро време, од страна на Владата на СРМ ќе биде доставена за запознавање на овој Парламент и ќе бидат мерки и активности од надлежните органи и организации. Сето ова значи пазарна економија, модерна економија, практично доаѓа до израз стариот закон колку земаш и толку вредиш. Доставените материјали од страна на Извршниот совет некако не се елаборирани до крај па затоа предлагам да се внесат некои работи:

Прво, економската реформа мора да има одредена модификација. За ова е потребна реална слика да се припреми за состојбите во стопанството и тоа не кабинетски прегледи, туку директно од секоја гранка на стопанството од близина и суштина.

Второ, заради тоа што новата Влада не е именувана, дотогаш ова да биде работа на Комисијата за економски прашања во Парламентот со стручната помош на Извршниот совет.

Трето, во најкраток рок да се одреди терапијата односно мерките за ревитализација за постоечките економски капацитети.

Четврто, економско-финансиска консолидација на стопанството, развивање на финансискиот пазар.

Петто, одредување цена на парите и на капиталот во реален ниво на понудата и побарувањето во пазарот на парите и во пазарот на капиталот, што ќе придонесе за санација на банките.

Шесто, освен стабилизационата функција мора да се ојакне развојната функција на макро-економската политика. Со неговото влијание да ја промени економската структура во поширока смисла како и во промените на властничката структура. Тука добива и социјалната политика своја улога. За информација, не се сложувам со дискутантот вчера од Тетово кога рече дека СИЗ-от за здравство во Тетово или Медицинскиот центар има побарувања од вработените во странство. Колку ми е познато СИЗ-от на здравство во Тетово зема авансни средства по 4-5 иљјади динари, а само за една здравствена книшка вработените во странство плаќаат иљјада динари и плус придонесот во Федерацијата.

Седмо, формирање на услови за пазарот на трудот со активната улога на социјалната политика.

Осмо, јакнење на економската понуда во услови на постигнато ниво на либерализација на економските односи со странство, осигурување на ниво на либерализација за понатамошниот развој на стоковниот пазар и други како интегрален дел на светскиот пазар.

Деветто, во овој момент друштвениот сектор и стопанството во целина е нето губиток, па затоа треба растоварување на стопанството од догматизам, апликација на економските закони и соработка балканска, европска, па и светска.

СТОЈАН АНДОВ:

Збор има господин Јордан Бошков.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Дами и господа чинам дека доволно долго ги разгледувавме состојбите во стопанството дека предложените заклучоци се издржани. Воедно сметам дека сознанието за што поскоро конституирање на новата Влада, сепак, доби јачина. Мене од дискусииве вчера и денеска посебен оптимизам ми влева изнесеното гледиште на господин Васил Влашки дека не се согласува со тоа дека Републиката е банкрот-Република, односно јас барем гледам од таа изјава дека постојат резерви, постојат начини и на материјален план и на финансиски, а и на морален ние да се поставиме на нозе. Не би сакал да сметам дека ситуацијата е крајно затегната и опасна.

Јас имам едно друго мислење. Ми се чини дека е крајно пожелно медиите, нашите состаноци да ги пренесуваат. Ова го велам поради нараснатиот интерес меѓу населението, а исто така и за подобра квалификација нашето делување во Парламент.

Во оваа прилика нема да должам, но ми се, велам уште еднаш, допадна што имаме предлози за излегување од овој т.н., колапс. Очигледно е дека ние сме блокирани финансиски од Федерацијата, која толку многумина ја сакаат, ја ценат, ја бараат, а не прашуваат зошто нам некој ни скратува такви средства и такви можности, ние денеска, навистина, да сме во ситуација да не се исплатуваат лични доходи, луѓето да не можат да спојат од први до први финансиски.

И уште еднаш да го изнесам своето залагање да работиме согласно на Уставот, велам што поскоро со предлог за Влада, па да видиме.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Димитар Поповски.

ДИМИТАР ПОПОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, многу внимателно два дена ја пратам дискусијата за оваа сериозна материја и веднаш да ви кажам не се чувствувам ни малку компетентен да дадам некој предлог, умен предлог или мерка за подобрување на стопанството и на оваа сериозна ситуација во нашава Република. Меѓутоа, сакам да го изнесам своето мислење од овие умни дискусии што ги слушав овие два дена и умни предлози што се дадени, провевува дека треба да се стори тоа и тоа. Јас би сакал повеќе да биде да мора да се стори тоа и тоа, за да се излезе од оваа ситуација.

Јас накратко ќе го задржам вашето внимание за една општествена област за која што не е спомнато во ниту еден материјал, ниту на ниеден начин, ниту некој ја спомна, а тоа е физичката култура и спортот во нашава Република. И да ви кажам дека ова го зборувам не само во мое лично име, туку го зборувам и во името на големата армија спортисти и спортски работници од нашава Република кои што подолг временски период се чувствуваат запоставени, затоа што овие убави простории, долго во овие убави простории, долго време не е спомната физичката култура и спортот, иако сите вие знаете дека нашите спортисти и ние сите се радуваме кога ја афирмираат нашата Република како во земјата така и во странство, па би молел како сите области кои што се во тешка ситуација, да не заборавиме дека и оваа област е во мошне тешка ситуација и да не дозволиме да ни згасне најевтината афирмација на оваа држава.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Ѓорѓи Котевски.

ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:

Дами и господа, бидејќи многу време помина и доста дискусии беа конструктивни и паднаа доста предлози, јас со мојот мал концепт се што беше во него дуплирано го отфрлив и ќе ги прочитам само точките за кои сметам дека се потребни да се кажат на оваа говорница.

Прво, да се изработи македонска национална програма за сопствен развој. Тоа е сопствена визија за оваа македонска држава за која толку трубиме постојано овие денови. Носител да биде нашата неформирана Влада, установите кои постојат во Македонија, МАНУ и сите други научни институции во Македонија.

Втор под итно да се ревидираат некои сојузни закони што се спротивни на нашите интереси во однос на Декларацијата. Носител уставно-правната или законодавната Комисија која веќе работи во овој парламент.

Трето сиромаштијата во Македонија за која сите се залагаме а сакаме да ја поделиме, не велам идеално да ја поделиме сиромаштијата, меѓутоа, за да биде таа приближна и да го намалиме револтот на целиот работен народ во Македонија, јас предлагам доста практично прашање и се така ми налага логиката и мојот ум така ми размислува дека треба да почнеме од овој Парламент прво, за да видат пример во цела Македонија како почнуваме ние како пратеници и како Собрание, па за да можеме понадолу во таа хиерархија, во пирамидата да не почнуваме одоздола нагоре, туку одозгора надолу.

Предлагам рационализација да се изврши најпрво во овој Парламент, во ова Собрание. Да се види колку вработени можат да го опслужуваат ова Собрание на Македонија. За таа цел предлагам комисиите кои веќе се формирани во ова Собрание под итно да направат ревизија или калкулација, како сакаат нека ја наречат, со колку работници ова Собрание може да функционира, може да се опслужува. Сѐ друго, како за другите работници во оваа Македонија, исти принцип, исти аршин, иста мерка. Мислам дека одовде треба да почне тоа.

Исто така во државната управа на Македонија, која брои некаде 12 илјади, јас можам да речам и нешто повеќе, откако ние ќе ја започнеме оваа работа, ќе имаме полно право морално и секакво да бараме и надолу сето тоа да се спроведува, завршувајќи до општините и до тие раздолжени функционери кои треба уште една година да земат плати итн., итн.

И последно што сакам да кажам, тоа е дека еве на овие два дена, две седници, ние патевме прво од комплексот дека во овој Парламент секој кука од аспект на својата партија. Еве два дена се виде дека кукаме од аспект, секој таму каде што работи, каде што ни е економскиот интерес. За таа цел, и за да не должиме по два - три дена да правиме седници, јас еднаш поставив прашање никој не ми даде одговор и господинот претседател, макар што јас бев толку јасен и конкретен, барам уште еднаш, службата, стручна служба која што се занимава овде во Собранието да изготви еден извештај и да се каже колку дневно не чини една седница што ја држиме овде и тоа да биде, апелирам посебно да биде ставено во сите информативни гласила, мислам наши македонски. И понатаму за да можеме да се научиме на некаков ред и дисциплина и сите дискусии да ги скратуваме на она што е најбитното, најпродуктивното.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Џеладин Мурати.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Почитувани пратеници, расправаме за мошне значаен битен есенцијален проблем на егзистенцијата на секој од нас и на сите во Републикава. Расправаме за економските проблеми и аспекти, економските состојби и сето тоа што околу оваа егзистенцијална сенародна потреба се присутни и ќе бидат присутни и понатаму во натамошниот наш развој. Мислам тешко е некој да гарантира денеска во овие услови општество-рај. Меѓутоа, се поставува основното прашање во сета оваа активност, што ни се случува, зошто тоа ни се случува и каде сево ова води. Прашање што е поврзано за сите односи, пред сè, со економската сфера која детерминира односи и во надградбата и во другите подрачја.

Што очекува народот од нас, што очекуваат работниците изразени преку разни петиции, барања, преку Синдикатот итн.? Тие очекуваат многу. За тоа сме свесни сите ние. Согласно со очекувањата бараат и резултати. Тие очекуваат брзо да се надмине егзистенцијалната неизвесност што ги опкружува. Сака и бара да живее посреќно, послободно, посигурно и секако побогато. Значи мора да се ангажираме сите поединечно и колективно да обезбедуваме услови за достоен живот на секој работник. Мора да одредиме точки на приоритети за решавање на горливите проблеми во Републикава, треба да одредиме мерки кои ќе се преземаат како првични и неодложни, а кои ќе следат по нив.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ: (продолжение)

Во материјалот по кој се расправа има преголема дескрипција на состојби, укажувања и редење на тешкотиите, а отсуствува конкретизацијата на поедини субјекти, носители на акции, отсуствува што денеска треба да се прави, што треба да се презема и кој од тие субјекти носители на таа економска активност треба да прават поединечно , како субјекти и во целина како креатори на таа економска политика.

Мора точно да се операционализираат стратегиските определби на развојот и совладување на кризните состојби. Беше речено од претходниот дискутант да градиме национална програма на развојот со севкупната стратегија која имплицира порано да се разрешува.

Ние сите дискутираме веќе два дена и основниот заклучок е дека се наоѓаме пред голем број невработени лица, прекубројно вработување, со месеци непримање плата, штрајкови, низок стандард, социјална загрозеност. Оттука, одговорноста на секој нас поединечно и како Парламент е се поодговорна и поприсутна. Решавањето на социјалните проблеми со сета своја сложеност, а се очекува да се изостри уште повеќе мора да биде секојдневно присутна во нашата работа. Тие проблеми мора да се гледаат и да се бараат во рамките на развојната економска политика, како на микро, така и на макро план. Затоа, не можат брзо да се очекуваат резултати. Да бидеме свесни за тоа. А, времето бара големи усилби и ангажирања. Изострувањата на социјалните тензии, треба да се очекуваат, но истите треба да се совладуваат што побезболно со толеранција и разбирање.

Читајќи го материјалот се залагам и прифаќам нов концепт за развој на Македонија во кој ќе има рамноправен третман и развој и стопанството и нестопанството. Затоа што едно без друго не може. Во спротивно и понатаму може да се наоѓаме во безизлезна ситуација.

Во материјалот провејува проблемот, бидејќи двајца дискутанти претходно рекоа, зборуваме од поедини аспекти, а не во целина, сметам дека е тоа оправдано бидејќи никој од нас не може да биде сестран, иако зборуваме за сестрано развиена личност. Меѓутоа, секако, заради професионалната насоченост, мора да зборуваме за поедини аспекти на економската развојна политика во кои се вградени, интегрирани и сите други елементи и проблеми на развојот. Кога би зборувале за продукциони технолошки целини, тогаш се разбира дека повеќе би ги концентрирале нашите сили активности и преземања мерки во одредена област, бидејќи материјалот е така изнуден, изграден и така мора да биде во моментов, мора да зборуваме за поедини аспекти, секој од својата стручност.

Во оваа смисла се вели каде боли забот таму оди јазикот, јас сум просветен работник и прашањата ги гледам во целина. Меѓутоа, ќе кажам, збор - два за тие општествени дејности.

Прво, во материјалот и во заклучоците на пратеничката група инсистираме тие општествени дејности да бидат поразработени во однос на тоа да се поделат образование, социјална политика , култура, здравство и наука. Потоа, образованието да се раздвои поединечно:  предшколско, основно, средно , вишо и високо. Инаку, материјалниот статус и економската состојба на тие категории во образованието, во здравството, во социјалата, културата и науката итн., не е на исто ниво.

Во Заклучокот број 10 на пратеничката група на страница 3 каде стои за технолошкиот вишок, предлагам да стои вишок од организациона поставеност, економски вишок и вишок заради рационализација. Не станува збор само за технолошки вишок кој е резултат на воведување нови технологии во производството, образованието , науката итн., туку станува збор за организациона поставеност, конкретно со амандманите што почнаа да се применуваат одредени категории работници на стручни профили кои остануваат надвор од тие. Потоа економски вишок и вишок од рационализација.

.

Кога станува збор за рационализација, во Заклучокот број 11 што се предлага за образованието, предлагам таа рационализација малку да се подреди. Точно е дека се работи за внатрешен проблем, внатрешна резерва, за здобивање на одредени средства што можеби во моментот одат како вишок непотребен, меѓутоа, секогаш во образованието и во другите области треба да се види таа рационализација да не биде на сметка на квалитетот. Не може да зборуваме за рационализација ако во едно училиште имаме две паралелки со по 20 ученици, да ги интегрираме во едно одделение со групна настава трето и четврто одделени или прво и трето итн., да добие 40 ученици кога во услови на неподелена настава во однос на комбинирана настава, секако дека квалитетот ќе биде на многу низок ниво за сметка на тие парични средства, односно надоместокот. Затоа се залагам таа рационализација да биде испитувана и одговорно изведена.

АЦО СПИРОСКИ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, во моето излагање ќе се вратам сосема на кратко назад да се задржам на постојните односи, на односите што треба да се уредат во иднина.

Сите политички партии во предизборните активности најавуваа поевтинување на државата. Тоа се најавуваше како мошне важен сегмент на сите трки па сега кога дојде и тоа прашање да се решава никој на тоа не дава одговор. Од друга страна, забележувам дека наместо поевтинување, обврските се повеќе се зголемуваат.

Да се задржиме на денешнава стварност, да ги погледнеме завршните сметки на претпријатијата денеска. Ќе забележиме нешто сосема малку во однос на искажувањето на доходот. Па, како ќе формираме буџетски средства и како ќе ги задоволиме сите овие огромни барања на општествените дејности, да не зборувам за инфраструктурата итн. Сакале или не ќе се сретнеме со една појава со сосема мал буџет да решаваме големи работи. Тоа е неминовно прашање на кое треба да се даде приоритет и да се бара решение.

На кратко ќе се задржам на една особено важна област, а тоа е областа на донесувањето закони, односно не донесување закони, не прилагодување на законите кон стварноста денешна и нивното не спроведување.

Не донесувањето на законите го гледам во економската област, по малку и во политичката област, во тоа што за жал сѐ уште во Македонија има недонесени закони што не се прилагодени кон Законот за претпријатијата. Сѐ уште има прописи што ограничуваат одредени права, одредени односи, одреден развој итн., што не дава да се покрене иницијатива, било од страна на приватна фирма или од друга фирма за развој, за инвестиции итн. Ова е особено важно прашање. Мене ми е жал , зошто во Македонија секогаш на крај се донесуваат одредени прописи, ако веќе се спроведени во одредени републики. Ние стално доцниме, ние сме последни во сѐ. Ние најповеќе ограничуваме.

Не прилагодување на законите го гледам во тоа што не се прилагодени на денешната стварност. Би го спомнал примерот со СИЗ-овите кои веќе доста време ги укинуваме и сега кажуваме дека во шести месец конечно ќе завршат, што ми се чини , не знам дали тоа така ќе се спроведе. Меѓутоа, да ја гледаме стварноста. Законот дозволува формирање на разни агенции што вршат разни работи, тргнувајќи од купување на недвижности, посредување во туризам, угостителството во сите области. Не ја гледам смислата во постоењето на одредени СИЗ-ови денеска што егзистираат од буџетските средства. Апсолутно. Може да се постави проблемот - што со работниците во СИЗ-овите. Тоа може, ми се чини, мошне лесно да се реши, ако и СИЗ-овите се доведат во иста состојба и со една многу голема предност во однос на просториите каде што работат, да ги задржат и средствата за работа, па и тие нека остваруваат доход и нека се борат на пазарот.

Не спроведувањето на законите го гледам во тоа што се донесуваат закони, но истите не се спроведуваат. Меѓутоа, особена ажурност да се даде на извршување на законите од економијата, во смисла на тоа што истите доведуваат до големи штети. Би го спомнал овде Законот за продажба на општествени станови. Тука беше малку истакната дискусијата. Меѓутоа, Законот е донесен веќе повеќе години, а слушам ќе се менува. Ме интересира само едно, донесуваме закон, меѓутоа тој не се спроведува. Не се спроведува поради некои работи, можам слободно да кажам, можеби некој направил диверзија во смисла на тоа Законот да не се спроведува ако од една страна дозволува нешто прогресивно, становите да се продадат, од друга страна

ќе нафрли некоја нереална цена во однос на откупот на становите.
Едно основно се заборава, зошто не се дозволува едноставно да се направи динамика. Тоа е најбитното, да се направи динамика. Состојбата во градежништвото е позната каква е. Не се дозволува да се дојде до средства, до еден обрт, нешто корисно да се направи.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Шуклев.

ДРАГИ ШУКЛЕВ:

Почитувани пратеници, кога незнаењето ќе се искомбинира со тенденциозност се добиваат дискусии во кои отсуствува морал и одговорност.

Според Законот за основните права од работниот однос и според Законот за работните односи, потписник на општиот, колективен договор е државата.

Второ, во Синдикатот денеска егзистираат 13 самостојни независни,ims грански синдикати, регистрирани како правни лица со сопствена жиро-сметка , и

Трето, во месец април минатата година во Синдикатот, во Републиката беа вработени 335 лица, а сега се вработени само 200 лица, со тенденција на перманентно намалување на оваа бројка.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не бара никој).

Има збор господин Илија Филиповски, потпретседател на Извршниот совет.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван господине претседател, почитувани пратеници.

Да речам, ние кои сме од стопанските ресори задоволство ни е што ја слушавме расправата во текот на вчерашниот и денешниов ден за стопанските проблеми. Сигурно многу значајни предлози и размислувања има кои натаму нашите ресори и Извршниот совет односно Владата ќе ги има предвид за вградување на Програмата за економска политика за 1991 година.

Јас би кажал дека Извршниот совет во целиот овој временски период ги согледуваше проблемите и недостатоците на системот што постоеше , што предизвикуваше една неефикасност во работењето во производните организации, а исто така и во општествените дејности. Тоа беше и причината зошто Извршниот совет се определи да му понуди на Собранието на СРМ да се донесат амандманите во текот на минатата година, за да се создаде подлога, за промена на системот, односно да се овозможи едно поефикасно стопанисуваше. Ние, би рекол, во Извршниот совет, покрај разрешувањето на проблемите од материјален карактер во изминатиот временски период, многу полагаме особено на промената на размислувањата кај голем број стопанственици, би рекол во поголем број институции, размислување во правец на пазарната економија. Цениме дека е еден од најголемите придонеси во овој изминат период, заправо е тоа дека веќе почнавме да размислуваме на пазарен начин на стопанисување.

Во овие два дена сигурно слушавме и спротивни стремежи, размислувања и предлози, меѓутоа сигурно дека и тие кои така размислуваат, со текот на времето ќе ја прифатат филозофијата на пазарното стопанисување во која државата ги определува условите, а за конкретните проблеми во

поедини стопански организации ќе ги решаваат, би рекол, раководните структури. Инаку, да нагласам и тоа дека во оваа Република, први ги донесовме измените на Уставот и се создаде таа правна подлога и за донесување на други материјални закони врз основа на промените на Уставот.

Во Извршниот совет, во овој правец, уште кон крајот на минатата година беа подготвени одредени акти кои требаше да се разгледуваат во Собранието во минатиот состав. Меѓутоа, ние не се определивме да ги доставиме, почнувајќи од промената на фискалниот систем, затоа што би било добро по него да расправа ова Собрание и би било добро да расправа односно тој фискален систем да го гледа и новиот состав на Владата.

Покрај него и голем број материјални закони од областа на општествените дејности во нашите ресори се подготвуваат. Во подготовка е и во неколку верзии во Заводот за општествено планирање, а комисиите на Извршниот совет извршија согледувања односно предлози за новата економска политика за 1991 година, но очигледно се определуваме повеќе тие акти да ги донесе новиот состав на Владата, односно овој Парламент. Парламентот, би рекол, во делот на економската програма дава одредени насоки, а Владата е таа која ја донесува програмата за економска политика во 1991 година, согласно на Уставот и Законот за општествено планирање.

Веќе кога земав збор, би сакал да истакнам дека во изминатиов временски период Извршниот совет особено полагаше на Програмата за економско-финансиска консолидација на стопанството и банките во Републиката. Во овој временски период постигнати се значајни ефекти,

иако претседателот на Стопанската комора во текот на вчерашната расправа, изјави дека во целост не сме задоволни, а и Извршниот совет во целост не е задоволен, меѓутоа се направија значајни ефекти околу материјалната поддршка на поедини организации во Републикава. Јас би спомнал само неколку бројки и да кажам тоа дека економско-финансиската консолидација беше побарана за надминување на проблемите околу недостатокот на трајни обртни средства во стопанството. Тоа како прво.

Второ, заради натпросечната задолженост на поголем број организации и

Трето, вклучувањето на социјалниот програм.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ: (продолжение)

Во делот на просечната задолженост со законот за курсни разлики практично во овој временски период обезбедени се средства пресметани во долари бидејќи динарот во 1986,1987,1988 година не може да се сведе на иста основа негде околу 530 милиони долари. Преземени се девизни обврски од страна на Федерацијата негде околу 169,5 милиони долари со кои практично нашето стопанство и банките во поглед на надворешната задолженост се сведуваат во еден просечен степен на задолженост во однос на земјата.

По основ на недостаток на динарски средства, односно трајни обртни средства што со решенијата кои ги имаме вишоците од Народна банка да се употребат за решавање на тие проблеми во Републикава, во овој изминат период негде околу 113 милиони долари се добиени и ставени во банкарскиот систем и во стопанството.

Покрај овие мерки значајна мерка која исто така беше од Републиката решавањето на загубите во банкарскиот систем, односно дубиозите , дефицитите во банкарскиот систем. Во однос на состојбите кои беа на 31.12.1986 година проценети во банкарскиот систем во Републикава од таа тогашна методологија проценето беше негде околу 500 милиони долари така да на крајот на 19 89 година дојде да дефицитите во банкарскиот систем се проценат по таа стара методологија негде околу 100 милиони долари. Тоа значи во тој временски период решени се 400 милиони долари дефицити во банкарскиот систем, меѓутоа со меѓународните стандарди што сега заправо ги прави агенцијата која Сојузниот извршен совет ја има ангажирано сега се појавуваат значајно поголеми дефицити во банкарскиот систем за што сигурно е потребно и санацијата на банкарскиот систем.

Да не би спомнувал повеќе во делот на консолидацијата јас би се осврнал во делот на залихите на нашето стопанство.

Према податоците кои ги имаме една третина од годишниот општествен производ е врзан за залихите. Ако тоа се спореди што тоа значи со развиениот свет тоа се огромни разлики и тоа е еден дел од нашата неефикасност на системот и тоа е проблемот на неликвидноста на стопанството. Доколку стопанството се определи да ги продаде залихите во таков случај ќе дојде и до пари и ќе се намали оваа неликвидност која денеска ја имаме во стопанството.

Учеството на извозот. Извозот во вкупните приходи во текот на 1988, 1989 година учествуваше некаде околу 12%, а денеска учествува околу 7,8%. Тоа значи дека имаме намалување во текот на 1990 година на извозот, меѓутоа истовремено тоа дава и до знаење дека и цените на домашниот пазар значајно се порастени во однос на извозните цени што укажува на тоа дека сепак има значајни резерви во цените кои ние ги имаме на домашниот пазар.

Во делот на социјалата односно заштитата ние за првпат во текот на минатата година, би рекол Сојузниот извршен совет Сојузното собрание прифати да се вклучи таа социјална програма иако со недоволни средства, меѓутоа барањата кои што се пласираат од Синдикатот и денеска и вчера од одредени пратеници ние тешко ќе можеме да создадеме таква маса на средства која би можела да се ориентира во правец на решавање на социјалните проблеми. Пред сè еден од основните проблеми би рекол дека е тој да ние сега треба да се определиме, заправо ние имаме определба а потребно е во претпријатијата што побрзо да се оди во правец на приватизација не само преку интерните акции меѓутоа со изнаоѓање на многу форми такви какви што и светот познава а и денеска во Југославија се применуваат.

Друг излез за состојбите во стопанството ако не се оди во делот на приватизација.така како што ние го имаме и донесено законот за агенцијата не да ги правиме државни фирмите туку да одиме повеќе во приватизација на фирмите . Тоа треба да ни претставува би рекол еден од ослонците за излез од денешнава состојба во стопанството, а пред сè сигурно и решавање, а тоа е решавање на политичките проблеми кои се во Југославија како услов за надминување на состојбите.

Во делот на зафаќањата како што беше и речено во дискусиите и вчера и денеска зборуваме за тоа дека стопанството навистина е премногу оптоварено стопанството, другарот Гошев вчера изнесуваше одредени податоци какви се во одредени земји Јапан, САД и други земји, јас би рекол дека нашето стопанство во Републикава со јавната потрошувачка, учеството на јавната потрошувачка во општествениот производ е негде околу 24,5% заедно со давачките тоа е основниот данок на промет, царините и некои такси кои се уплатуваат во сојузниот буџет тој дел на учество на јавната потрошувачка во вкупниот општествен производ е 32,5% што во однос на Југославија која е 40% тежнее во текот на 1991 година да го постигне процентот околу 45% е значајно поповолен однос. Тоа е резултат на политиката која Извршниот совет во текот на 1987,1988,1989,1990 година постојано ја водеше за растоварување на стопанството.

Јас не би сакал повеќе да ве задржувам меѓутоа овие укажувања кои вие ги имавте нашите ресори ќе ги имаат во предвид и ќе ги проучуваат во изработката на Програмата за економската политика за 1991 година сигурно како работен материјал.

.

АНДРЕЈ ТОКАРЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Немав намера да се јавам за збор меѓутоа очигледно прашања кои беа потегнати од двајца пратеници се однесуваа на Законот за продажба на општествените станови со цел да ве информирам барем начелно, си дозволувам еве да искажам барем неколку зборови од кои веројатно ќе стекнете дека проблемот е или економски или политички.  Веројатно заради тоа што го гледавме од разни страни две години околу тоа се мотивиравме дали да се донесе таков закон или не.

Прво, морам да ви кажам дека тој закон е дел од вкупната станбена реформа, а станбената реформа е вклопена во вкупната општествено-економска реформа.  За насоките за општествено-економската реформа и посебно за станбената реформа се искажа бившото собрание. Оттука се појде во подготовка на Законот за продажба на општествените станови како елемент на станбената реформа во економска смисла. За ваше пообјективно информирање во нашата република станбениот фонд, општествениот станбен фонд е само една десетина од вкупниот станбен фонд во Републиката. Во другите републики тој изнесува далеку повеќе. На пример во Србија тој е некаде 30% итн. Во секој случај најнизок процент на општествен станбен фонд имаме во нашата Република. Такви закони се потегнаа паралелно морам да ви кажам за донесување и тие веќе и функционираат во некои од источните земји  се разбира таму каде што има општествен станбен фонд. Во одредени институции на ниво на Федерација исто така има донесен закон за продажба на општествените станови на органите на Федерацијата односно во сопственост на Федерацијата, за југословенската народна армија итн.

Долго време се водеше дискусија околу опортуноста на донесување на таков закон. Но ние мора да сфатиме еднаш ако ја трансформираме целокупната општествена сопственост заради ефикасност во стопанису-вањето овој станбен капитал, овој станбен фонд исто така мораме да го трансформираме баш заради ефикасноста со неговото стопанисување. Вистинити се пресметките кои се кажани пред донесувањето на законот односно во неговото образложение дека вредноста на овој станбен фонд изнесува милијарда и двесте милиони долари но веројатно во овие дискусии можеме криво да бидеме разбрани. Очекуваме овој ефект да го постигнеме во една година. Во Законот се јасно пропишани условите, затоа е земена цена константна во долари дека овој капитал со оваа утврдена номинална вредност може да се реализира побрзо или побавно во зависност од сите овие услови кои се поставени во рамките на законот. И управо законот со сите овие пратеќи елементи веќе стапил на снага. Останува уште посебна ве молам пак потенцирам последна обврска на органите да ја утврдат просечната цена на база на статистичките податоци од последното тримесечје и тоа овие денови ќе биде објавено. Нема никаква причина, бидејќи еден од пратениците искажа сомневање во тоа дали ќе функционира или не. Тој треба да почне да функционира. Секоја организација која има намера да ги продава становите во општествена сопственост на база утврдените критериуми, со објавената просечна цена таа треба да донесе посебна одлука и законот да профункционира. Годишниот ефект  според рокот на уплата кој беше дефиниран со законот е 40 години. Го очекуваме нормално да биде  30 милиони долара. Овие средства ќе бидат кумулирани во стопанските банки односно во акционерско друштво посебно и тие ќе бидат наменети за нова станбена изградба (тоа е решение во законот) да не го изедеме станбениот фонд и да обезбедиме решавање на станбените прашања со додатни средства на секој  интересент под услови какви ќе бидат утврдени во банките односно на

самите акционери. Според тоа Законот  ниту има функција да распродава општествен капитал туку напротив има функција да поттикне нова станбена изградба, нов инвестиционен циклус и мислам дека непотребно се политизираат сите аспекти на донесувањето на овој закон.  За да биде заштитен капиталот во законот има вградено инструментариум со кој што остатокот на долгот од оваа реално утврдена цена се ревалоризира согласно порастот на цените на мало. Како тече инфлацијата  така остатокот на долгот ќе биде ревалоризиран. Прашање е на интересот на граѓаните  во рамките на овие реално утврдени категории дали ќе ги обезбедуваме тие 30 милиона секоја година во функција на нова станбена изградба.

БЛАГОЈ ТОШЕВ:

Господине  претседателе, дами и господа пратеници. Немав за цел да дискутирам по оваа материја, но господата од синдикатот ме мотивираа да земам неколку збора и јас да кажам нешто. Независно од тоа колку ние знаеме за организационата поставеност на синдикатот, меѓутоа господата до синдикатот требаше да знаат дека кога господинот Анте Марковиќ им даде големи овластувања на директорите требаше да мислат и да формираат претседател на синдикатот во организацијата на кој што канцеларијата ќе му биде спроти директорот. Каква улога игра претседателот на синдикатот денес во организација, односно во претпријатието. Да оди да го праша директорот дали да се купат бонбони за Нова година за децата, дали да се купи мртовечки сандак ако некој работник загине? Истовремено свесни сме дека претседателот на Синдикатот во претпријатието нема никаква улога во однос на заштита на работникот. Мое мислење е господата од Синдикатот да го земат тоа право, а моментално можат да го земат во овој плуралистички систем и да му дадат такво право на претседателот, па нека биде и платен

претседател на Синдикатот во организацијата и кога ќе влегува претседателот на синдикатот кај директорот, директорот да станува од сандалијата.  Според тоа, во случајот секогаш претседателот на синдикатот влегува кај директорот со наведната глава. Кога претседателот на Синдикатот во организацијата го штител правото на работникот, ако дал директорот задача да се избрка работникот без никаква мотивација. Директорите дами и господа во денешно време, знаете, не е нивна кривица, тоа право им го даде господинот Анте Марковиќ можат во секое време кого сакаат да избркаат, кого сакаат да примат на работа, ако сакаат и цела фамилија можат да ја примат на работа, затоа што тој мисли дека со тие луѓе да работи и да покаже резултати во спротивно ќе биде исклучен на завршната сметка ако покаже негативни резултати. Тоа е точно. Но, обратната страна треба господата од Синдикатот да ја гледаат, да му дадат такви овластувања на претседателот на синдикалната подружница кога ќе влегува кај директорот да не знае за што влегува, а нема стално да влегува претседателот на Синдикатот кај директорот и кога ќе влегува да знае дека влегувањето е опасно.

ДУШАН НИКОЛОВСКИ:

Очигледно е да овде поминуваме или цитираме незнаење. Зошто тоа го кажувам? Ако се вкупните промени се случуваат сега, во делот на политиката и економи]ата, ако некој најмногу ги чувствува тие промени, слиени по сите основи најдобро знаеме тие што учествуваме и кога разговараме на штрајковите. Сите тие проблеми излегуваат на таа површина и на тоа ниво. Затоа мислам ако си ги анализираат во име на некој институт тогаш не може да се каже како карактеристика во име на една фирма или во име на еден институт. Ако мене лично ме прашате како директор на една фирма ќе ви

дадам сосема други релации и односи и комуникации со Синдикатот. Затоа и направив интервенција. Кога како пратеници ќе се обидеме да разговараме овде за да извлекуваме одредени сугестии, заклучоци и мислења кој треба да бидат во функција на подобрување и спроведување на реформите добро би било да располагаме со изворни показатели во овој случај да се мисли во името на Синдикатот ако ги презентира тие податоци, а од друга страна да ги имаме состојбите во името на законодавецот а тоа е Парламентот. Затоа се јавив не да ставам критика и забелешки туку многу ги генерализираме поедноставуваме работите.

БЛАГОЈ ТОШЕВ:

За ништо не може да се зборува апсолутно, има и релативни работи. Само јас ќе ги прашам господата од Синдикатот од направените 550 илјади плави книшки колку имаат распределено? Колку што сум информиран негде околу 230 до 250 илјади по мое убедување дали тоа не значи дека работникот на некој начин ја изгубил довербата.

Од друга страна во консултации со работници што се изнесува? Не е во прашање членарината, дами и господа, нека биде членарината од постојната и дупло, ама да знаат дека зад себе имаат заштита.

ФАИК АБДИ:

Мислам дека не смееме да ги навредуваме нашите раководни лица во фабриките, претпријатијата. Мораме да признаеме дека имаме добри директори, многу чесни и поштени, но исто знаеме дека не им ја даде власта сега господинот Марковиќ па затоа стануваат вакви. Опростите, од 1945 година имаме директори и директоришта, па ја опљачкаа државава со тие. Постоеја работнички совети и во име на тие работнички совети работеа они онака како што сакаа како први креатори на политиката, на кадровската политика па дури и на чистачката. Заради тоа не треба да се прават одредени компарации за порано да заборавамe што било, а сега заради тоа што Марковиќ им го даде тоа право, заради тоа што самоуправувањето малку тргна настрана, заради тоа се вели најголемата одговорност во една работна средина ја сносува директорот. Колкава е таа одговорност, најголема, толкава или волкава е знак прашање, но сепак мислам дека треба да имаме респект према тие органи, раководни лица што ги водат работните организации.

Исто така, треба да имаме респект и према синдикатот. Замислите, до вчера било.одредено лице, се наоѓало на позиција на социјалистичка партија, претседател, по еден ден, заради изнаоѓање на леб, тоа е во синдикатот веќе, та во овој преоден период, во овие наредни години што не чекаат секако ќе имаме такви и сѐ уште нема да ни биде јасно што е што. Сигурно сме далеку од онаа позиција на синдикат кога ќе излезе потполно заштитен работникот. Меѓутоа и тоа ќе го дочекаме, како што дочекавме демократијата да влезе во овој парламент.

СВЕТОЗАР ВАСИЛЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Многу ми е жал и криво кога расправаме за многу суштински прашања и проблеми во Републиката, кои се на дневен ред, а се свртуваме на синдикатот. Ако синдикатот во Републиката е на дневен ред да отвориме расправа, но мислам дека не е тоа цел, меѓутоа за жал и претседателот дозволи таква расправа. Ние одговараме пред членството. Членството треба да каже за работата на синдикатот. Одржуваме седници, имавме конгрес, добронамерни критики секогаш примаме, но треба да сфатиме сите дека правилата на игра во нашата земја, во нашата Република за дејствување на синдикатот во пазарни услови на стопанисување сѐ уште не се создадени. Мора да признаеме дека нашата самостојност и независност ја изборуваме во многу тешки економски и политички состојби и во Републиката и во земјата во целина. Така да, воопшто ние сме задоволни од членувањето. Бројката е со тенденција на зголемување, 60% очекуваме од членството повторно да се зачлени и мислам дека тоа е голем успех, со оглед на состојби што има во европските земји каде што членуваат од 22 до 45%. Се согласувам каква ќе биде заштитата, таква ќе биде и соодветната услуга итн. Мислам дека вчера и денес не беше целта расправа на оваа тема, туку требаше да се свртиме кон мерките што треба да се понудат за излез од оваа состојба. Не ние некого да уценуваме, меѓутоа сметам дека најнадлежен и најодговорен е Парламентот и Владата која ја чекаме како партнер за да можеме  да разговараме за овие проблеми, а не како некоја партиска определеност. Воопшто, за членството ние не водиме сметка од која партија е, важно е да е да  е работник и член на Синдикатот.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Молам, реплика на господинот Душан Николовски.

Дами и господо, мислам дека во плуралистички синдикат директорот и работникот не можат да бидат членови на исти синдикат, како што е случајот сега за сега.

Во документот од извештајот, кој што е доверлив молам погледајте го делот 6 под

а, па ќе ја видите состојбата на Македонија.

МИТКО АЛАСТАСОВСКИ:

Драги пријатели, јас ова не можам да го замислам. Толку се заглавуваме во некои работи, да не се навреди никој, да се каже со два збора само. Велиме констатации, констатации. Со еден збор треба да се каже, суштината да се извлече и веднаш да кажеме дека една констатација има. Системот не доведе во оваа положба.

Второто прашање е што треба да се прави? Па, имаме очи и памет. Гледаме висат работниците за леб. Утре ќе ни дојдат пред Собранието, ќе бараат леб од нас ќе им дадеме ли? Не можеме да им дадеме.

Третото прашање е како ќе ги решиме проблемите? Ако не најдеме заеднички јазик, проблемите не се решаваат. Па затоа предлагам под најитно да се формира Влада. Свесен сум и за тоа дека Владата ќе коалицира, не може да биде еднопартиски. Таа влада ќе си земе за задача, имаме луѓе, имаме и јаки претпријатија кои не дојдоа во колапс, да се поучат тие претпријатија што пропаднаа од оние што пропаѓаат. Да се соберат стручњаци и да се посвети, односно да се испита зошто пропаднаа другите претпријатија.

Од големите - малите стопанства и претпријатијата да ги посети, да извлече поука и да донесе одлука како ќе правиме. Ако останеме така кој ќе инвестира? Ќе ни даде ли некој пари од надвор? Не. Не ни дава никој . Да ја видиме силата сега. Што имаме ние во банките, во претпријатијата. Имаме ли нешто? Ако имаме ќе помогнеме, а јас знам дека малку имаме ние.

Драги пријатели, да не се занесуваме во некои работи, за кои не можеме да најдеме излез. Да се занесеме во една работа да ја извлечеме Македонија од колапсот во кој падна. Ако не можеме за 2 - 3 месеци, барем за година дена. Греота е за тие што немаат.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Не бара).

Молам, да се договориме.

Ние имавме посебен материјал подготвев од Извршниот совет, имавме обраќања до Собранието и Извршниот совет од Сојузот на независните синдикати и од Стопанската комора на Македонија. Во постапка формиравме и две пратенички групи, затоа што сè уште немавме формирано работни тела на Собранието, и имавме една обемна "расправа со многу образложенија, објаснувања, проценувања и многу предлози. Целата таа расправа по содржина е доста различна и во неа има, дури и некои спротивни погледи, што е и нормално. Се јавија за збор некаде околу 60-тина дискутанти, а со репликите и повеќе. Денеска е многу тешко да можеме да предложеме нешто да се донесе затоа што предлозите што беа

давани, погледите што беа изнесувани ја надминаа рамката на заклучокот што беше предложен од парламентарните групи. Затоа предлагам да го задолжиме секретарот на Собранието заедно со службите да направи еден чист преглед на сите предлози што беа дадени овде, со кратки образложенија. Тој преглед да се достави на работните тела, вторник или среда, а притоа веднаш да се даде на Извршниот совет и тој да процени и да даде мислење по секој од тие предлози, за да помогне на работните тела со објаснување од различни аспекти на тие предлози и работните тела да можат побрзо и полесно да предлагаат заклучоци.

Постапката што ќе се води на работните тела по тие предлози потребно е, за разлика од овде и до сега, да се покани да учествува и Електростопанство. Овде имаше повеќе разни информации околу цената на електричната енергија, околу тоа што е производството на електростопанство/ на што е засновано, што од него можеме да бараме, што не можеме да бараме, различни и спротивни. Затоа предлагам Републичкиот комитет за енергетика,оној што се однесува за нив да го провери со нив, а нивни претставници да присуствуваат на работните тела, за да можат да дадат евентуално, и комплетен, поширок одговор. Предлагам заклучоците што ќе се утврдат на работните тела, како предлог заклучок или заклучоци да ги разгледаме на првата наредна седница, која е планирана за 7 март 1991 година,(четврток). Тогаш да не навлегуваме во расправа како сега, туку да се ориентираме на донесување на заклучоците што ќе бидат предложени.

Инаку, мислам дека не треба да правиме големи заклучоци затоа што во расправата е спомнат синдикатот. Овде никој не отвори расправа за синдикатот, туку патем во расправата имаше искажувања околу сегашниот синдикат каков е и што е. Тоа не треба да се земе како пречекорување на дневниот ред, затоа што пратениците го имаат тоа право, како што синдикатот во своите расправи има право да ни поставува рокови до кога да го разгледаме

нивниот материјал, да се усвојат некои работи овде итн. Истото право го има и синдикатот така да не треба да извлекуваме заклучок зошто некој и за синдикатот дискутирал.

Пратеникот Бошков не го разбрав да бара некоја наша промена на режимот на отвореност. Овој парламент, собрание е комплетно отворено, дали некоја седница на Собранието ќе биде пренесувана директно од радио или телевизија зависи само од редакциите кои проценуваат колку слушателите и гледачите имаат интерес за тој пренос. Така да тие се сосема отворени и постојано треба да бидат отворени, така сме заклучиле.

Бидејќи во овој момент се спомнуваше доста прашањето дали ни треба федерација и дали ние добиваме од федерацијата или друго... Политичкиот дел си оди во расправите околу Платформата што ќе ги имаме, а овде сфатив дека предизвикуваат интерес економските односи со Федерацијата, па затоа предлагам паралелно со заклучоците да се подготви кратка информација за последните четири - пет години што се финансиска поддршка е добиено од Федерацијата по сите основи. По основ на курсни разлики, на други закони, по фондот, дополнителни средства за буџетска потрошувачка итн., и колку ние на Федерацијата сме платиле во фондот, во Сојузниот буџет итн. Да имаме податок за тоа и ова кога го зборуваме да имаме јасна претстава.

Молам, дали се согласувате вака да завршиме по оваа точка од дневниот ред? (Се согласуваат).

Предлагам пауза од 30 минути.